Лидија Георгиева

Авторот е дизајнер,
редовен професор



# ЕКСПО ДУБАИ – ПРЕД 50 ГОДИНИ СЕТО ОВА БЕШЕ САМО СОН

Светската изложба е платформа за изложување на најголемите иновации кои го обликуваа светот во кој живееме денес. Во изминативе 170 години, Александар Грахам Бел во 1876 година во Филаделфија го демонстрираше првиот телефон, првата телевизиска емисија се емитуваше во 1939 година во Њујорк, беа прикажани првите компјутери, технологијата за конекција преку мобилен телефон беше презентирана во Осака во 1970 година, но и иновации во исхраната кои сега се дел од нашето секојдневие.

Од Ајфеловата кула, главниот симбол на светската изложба во 1889 година која во тоа време беше предмет на контроверза и жестоки конфликти меѓу тогашните авангардни и конзервативни париски кругови, па сè до денешната Плаза Ал Васл која беше централен експонат на Експо Дубаи, од октомври 2021 до март 2022 година, може да се доживее пулсот на иднината.

На овој голем светски собир презентирани се најиновативните идеи од областа на: технологијата, уметноста, високата гастрономија со сета своја егзотика, чудесна инспиративна архитектура, кратко речено – преку 190 земји и култури на едно место, со полни гради го дишеме настанокот на новиот свет.

Со водечки линии на поврзување на умови и креирање на иднина преку одржлив развој, на Универзалната изложба, секоја земја на својот павилјон нуди можност за потполна имерзија и силно космополитско доживување.

Изложбата е тематски поделена во три области:

– Одржливост – живот во хармонија меѓу човекот, природата и високата технологија
– Мобилност – за креирање нови, паметни и подобри конекции
– Можности – за отворање на потенцијалот кај секој од нас за подобра иднина.

Наша гостинка и водич низ Експо Дубаи 2022 е Искра Јанковска Михајловска, архитект.



една од трите порти на ЕКСПО



една од трите порти, ноќно време

Портите на трите влеза на Дубаи ЕКСПО се првата и последната импресија за изложбата, ве дочекуваат дење и ве испраќаат осветлени ноќе. Доживувањето е уникатно.

Концептот е заснован на футуристичко истражување на британското архитектонско биро на Асиф Кан, со инспирација од традиционалниот декоративен елемент мушарабија. Мушарабиите се користат низ целиот регион, за контрола на светлината и протокот на воздух, а порталите генерираат импресија со која се означува влезот, како предвесници на авантурата со нови технологии. Портите се исткаени од ултралесни композитни јаглеродни влакна.

Какво чувство носи Универзалната изложба? Кои павилјони Ви оставија најголем впечаток?

И. Ј. Михајловска: Светската изложба ЕКСПО е импресивна манифестација која со тек на времето ќе станува сè попопуларна. Уште кога бев во Лисабон, во 1998 година, бев импресионирана од архитектонските достигнувања кои беа презентирани, на пример железничката станица на Калатрава, екстремната настрешница на Сиза или паметната административна зграда која уште тогаш беше ремек-дело на паметните згради.

Досега сум посетила 4 светски изложби, но Лисабон и Дубаи се посебни поради тоа што градовите можеа да си дозволат делови од градот кои се неизградени простори да планираат да ги вклучат како урбани простори во иднината. Пред неколку години кога повторно бев во

Лисабон го посетив просторот каде што беше изложбата и слободно можам да кажам дека сè уште функционира и го одзема здивот, исто како тогаш.

Истиот пример е и со Дубаи. Градот има направено метро линија која води до изложбата, а има и паркинзи и пристапи од неколку страни. Прво на мапата, а потоа и додека шетате, можете да доживеете еден хуман простор среде пустина во кој се чувствувате пријатно. Покрај тоа што Дубаи се карактеризира со амбиција на инвеститорите сè да биде најголемо, највисоко, најблескаво, на изложбата се гледа зрелост во која е прикажано сè што е најдобро и е искористено во контекст на темата МОБИЛНОСТ, МОЖНОСТ И ОДРЖЛИВОСТ.

Земјите изложувачи се потрудиле да го прикажат најдоброто од својата земја и мора да истакнам дека од аспект на архитектурата може да се видат сите модерни материјали и технологии за екстремно градење, артикулирани во човечка димензија, што е импресивно.

На пример, Павилјонот на ОАЕ како централен, најмаркантен, не ве плаши, напротив, постепено ве воведува и ја раскажува приказната за луѓето кои пред 70 години биле номади, а сега со своето образование и ширина го припитомуваат можеби најсуровиот дел од светот – пустината.

Универзалната изложба е прекрасна светска парада каде што со најсовремени технологии и средства за медиумско претставување земјите учеснички се гордеат со своите индустрии и модерни технологии. Иако денес со интернетот мислиме дека од дома може сè да се види, во Дубаи она што се издвојува е човечката идеја. Визуелната дразба во живо е незаменлива, неспоредлива е перцепцијата од холограмите видени на монитор и кога реално минувате низ нив. Исто така, на пример, кога компаниите за енергија пробуваат преку сите сетила да ви ја објаснат енергијата која ја создаваат е уникатно чувство кое не се доживува на монитор. ■



СТИЛИЗИРАНО КРИЛО - ПАВИЉОН НА ОАЕ




Проекција на текст врз песок, во павиљонот на Емиратите

Павилјонот на Обединетите Арапски Емирати е дизајниран да ја претстави главната тема на Експо 2020 – Поврзување умови, создавање на иднината и да го прикаже пионерскиот дух на ОАЕ.

Павилјонот е инспириран од сокол во лет, а на врвот има серија стилизирани крилја. Тие се изработени од јаглеродни влакна од локално производство и можат да се затворат за да ги засолнат покривните соларни панели. Секое крило се врти околу една точка и целиот покрив може да се отвори за три минути.

Студиото на Сантијаго Калатрава проектот го добило по седуммесечен натпревар со други престижни архитектонски бироа, во конкуренција со девет светски бироа со 11 концепти.



Павиљон на Саудиска Арабија



Павиљон на Саудиска Арабија

Издигнувајќи се од земјата кон небото како смела конзолна структура, павилјонот на Саудиска Арабија на изложбата во Дубаи 2020 претставува земја вкоренета цврсто во своето наследство, но која брзо се менува кон иднината. Дизајниран од соработниците на Борис Мика, павилјонот е опремен со традиционални изложбени техники испреплетени со најсовремени аудиовизуелни инсталации за да се прикаже трансформацијата на земјата.



ПАВИЉОН НА МОБИЛНОСТА ФОСТЕР + ПАРТНЕРС

Павилјонот Алиф (како првата буква од арапската азбука) го симболизира почетокот на напредокот и новите хоризонти. Дизајниран од Фостер + Партнерс (Foster + Partners), павилјонот за мобилност е еден од трите павилјони на поттемите мобилност, одржливост и можност.

Обвивката од нерѓосувачки челик е инспирирана од хромирани браници и крила на авиони.

Тие го рефлектираат движењето од околината правејќи зградата да изгледа жива и во движење. Видливите линии на слоевите на зградата укажуваат на идејата дека сите сме поврзани, дури и кога сме физички далеку еден од друг.



Централната Плаза Ал Васл

Плазата Ал Васл е во центарот на локацијата и ги кани посетителите на прослави, на презентации и на дискусии. Овој простор го носи поранешното име на Дубаи што значи „Поврзување“.

Од ова јадро, посетителите и учесниците можат да пристапат кон зоните на павилјоните. Идејата носи инспирација од традиционалниот ориентален пазар „сук“ – со цел да се создаде и да инспирира интерактивна и раздвижена атмосфера.



ПАВИЉОН ТЕРА, СИМБОЛ ЗА ОДДРЖЛИВОСТ НА АРХИТЕКТИТЕ ГРИМШО

Тера – Павилјонот за одрживост, е дизајниран од британското архитектонско биро Гримшо (Grimshaw) и го носи најголемиот предизвик за архитектурата на Експо бидејќи треба да ја докаже максималната одржливост на еден објект од архитектонска гледна точка, додека општеството бара идејни решенија и стратегии за идно одржливо живеење.

Инспириран е од природните процеси како фотосинтезата, а формата на павилјонот е во функција на собирање енергија од сончевата светлина и свежата вода од влажниот воздух.

Силата на овој објект лежи во неговиот капацитет да демонстрира нов начин на одржливо живеење во пустина.




*фотографии:*
*Искра Јанковска Михајловска, архитект*

